ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ КУМАНОВО ПЛАН КУМАНОВО

01 2021 10 05

Скопје, февруари 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на успех | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 17 |
| Извештај за паричниот тек | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 19 - 21 |
| Сметководствени политики | 21 - 26 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 26 - 32 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија

ЈП - Јавно претпријатие

МСС - Меѓународни стандарди за сметководство

МСФИ - Меѓународен стандард за финансиско известување

МСЕ - Мали и средни ентитети

УО - Управен одбор

ФИ - Финансиски извештаи

в.д. - вршител на должност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17 - 54/7

Дата: 11.02.2022

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови „Куманово план“ Куманово за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈП “Куманово план” Куманово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП „Куманово план“ Куманово за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- за активностите поврзани со економските операции не се воспоставени внатрешни контроли, не е назначено лице за контрола и лице кое ќе ја следи реализацијата на склучените договори за јавни набавки, ниту е регулиран начинот на користење на службените возила;
- недостасуваат сметководствени политики, извештај за промените во главнината и извештај за паричните текови, како составен дел на финансиските извештаи за 2020 година;
- неправилности при пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие;
- несоодветен сметководствен третман на средствата добиени на трајно користење без надомест;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата истакнува дека не е спроведена постапка за избор на директор на претпријатието, а во континуитет в.д. директорот и градоначалникот на општината како основач, немаат склучено договор за уредување на меѓусебните права, одговорности и овластувања.

Од периодот на основање, 2018 до 2020 година, претпријатието покажува загуба во своето работење, што се должи на воспоставениот начин на работа помеѓу претпријатието и основачот, односно поради слабата реализација на склучените договори со општината. За негово поефикасно функционирање, претпријатието треба да ја искористи можноста што е предвидена со член 24 од Законот за јавните набавки, односно да остварува приходи на пазарот, но не повеќе од 20% од дејностите на кои се однесува соработката со општината.

Во делот на останати прашања, обелоденивме состојба која се однесува на системска слабост во Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, во однос на начинот на давање на користење на стварите во општинска сопственост, од аспект на дополнување на законското решение со кое ќе бидат опфатени и правните лица основани од општината.

Од страна на овластеното лице на ЈП „Куманово план“ Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека дел претставуваат известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и дадените препораки, дел не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а една забелешка се прифаќа, поради доставени дополнителни докази.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 15 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови „Куманово план" Куманово кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед за промени на капиталот и резервите за 2020 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈП "Куманово план" Куманово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП „Куманово план" Куманово застапувано од:

- Горан Митевски, в.д. директор од 01.01.2019 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме

разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.09.2021 до 15.10.2021 година кај ЈП „Куманово план“ Куманово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 04.11.2021 година.
На ден 20.01.2022 година, од страна на овластеното лице на ЈП „Куманово план" Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на точките 3.1.1, 3.2.1, 3.2.2, 3.3.1 3.3.2, 3.4.1, 4, 5.1, 5.2 и 6.1. Истите се разгледани и е констатирано дека дел претставуваат известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и дадените препораки, дел не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а забелешката за точката 3.4.1 се прифаќа поради доставени дополнителни докази и истата нема да биде составен дел од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. Со извршената проверка на дизајнирањето и функционирањето на внатрешните контроли во јавното претпријатие, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- ЈП "Куманово план" нема донесено процедури за важните активности поврзани со економските операции: текот на движење на документацијата за секое ниво на одговорност, поделба на должностите и одговорностите на лицата вклучени во процесите и систем за следење.
- Отсуствува потврда за извршената контрола врз целосноста, комплетноста и точноста на податоците во влезните и излезните документи, од причина што не е назначено лице за контрола и лице кое ќе врши следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.
- Во текот на 2020 година, вработените упатени на службено патување доставуваат патни налози, без да ја наведат причината/целта на патувањето, како и извештај од реализираното службено патување. Отсуствува пишана процедура со која ќе се регулираат условите и начинот на користење на службените возила, а корисниците на службеното возило не пополнуваат налог за користење на службено возило, кој треба да содржи податоци за намената на користење, службеното дејство што е извршено, местото и времето на поаѓање и враќање, број на поминати километри како и авторизација од овластеното лице кое го одобрило користењето.

Не преземените мерки и активности за воспоставување на системот на внатрешни контроли во одделни процеси од работењето предвидени со Стандардот 12 – Процедури, Стандард 13 – Поделба на должностите и Стандард 14 - Надзор, создаваат ризик во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни.

По укажување на ревизијата од страна на одговорните лица изготвен е Правилник[1] за внатрешни процедури, за канцелариско работење, архивско работење и електронско архивско и канцелариско работење во ЈП "Куманово план" Куманово и Процедура за постапка и начин на вршење на безготовинското плаќање[2] кои се усвоени од страна на УО.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за:

- назначување одговорни лица кои ќе вршат проверка на комплетноста и точноста на податоците во влезните и излезните документи и следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.
- изработка и донесување на процедура со која ќе се регулираат условите и начинот на користење на службените возила и следење на евиденцијата на поминати километри по реализираното службено патување.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Ревизијата констатира одредени слабости во однос на обврската на јавното претпријатие за водење на сметководството, составување на годишна сметка и финансиски извештаи и нивната транспарентност во известувањето и тоа:

- ЈП „Куманово план" нема утврдено сметководствени политики кои се применуваат во изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието, кои треба да бидат усогласени со барањата за составување на финансиските извештаи, согласно Оддел 2 - Концепти и преовладувачки принципи и Оддел 10 - Сметководствени политики, проценки и грешки од МСФИ за МСЕ. Исто така, претпријатието ја нема во целост испочитувано обврската за составување на годишна сметка и финансиски извештаи, предвидена со член 476 од Законот за трговски друштва. Годишната сметка на јавното претпријатие за 2020 година е подготвена и доставена до надлежните институции[3], но во делот на финансиските извештаи не се подготвени извештајот за промените во главнината и извештај за паричните текови за 2020 година.

[1] бр. 02-270/14 од 15.10.2021 година
[2] бр. 02-270/9 од 15.10.2021 година
[3] Централен регистар на РСМ, Државен завод за ревизија и Управата за јавни приходи

Во текот на ревизијата изготвени се потребните финансиски извештаи и сметководствени политики кои се усвоени од страна на УО со Одлука[4] и ќе се применуваат во наредниот период.

- На веб страната на претпријатието не е објавена годишната сметка, во рок од 15 дена од денот на нејзиното доставување до Централниот регистар, што не е во согласност со член 7а, став (1) од Законот за јавни претпријатија, ниту кварталните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето, што не е во согласност со член 5 став 4 од Законот за јавните претпријатија. Ваквата состојба е резултат на отсуство на соодветен стручен кадар и ја намалува транспарентноста во работењето на претпријатието.

  Општина Куманово како основач на претпријатието на својата веб страна ги објавува каврталните и годишни извештаи за финансиското работење на ЈП Куманово план.

Препорака:

Надлежните лица во претпријатието, да ги подготвуваат во целост финансиските извештаи предвидени со законските одредби и заедно со годишната сметка да ги објавуваат на својата веб страница.

3.2.2. Од извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Управниот одбор нема донесено Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие, обврска предвидена со член 19 став 2 точка 9 од Законот за јавните претпријатија,[5] за која согласно член 11 став 1 точка 6 од Законот треба да се обезбеди согласност од основачот, советот на општината.

  Од тие причини, за тековната 2020 година, пресметувањето на плата во ЈП “Куманово план” Куманово за сите категории на вработени се врши врз основа на Правилник за плата, надоместоци на плата и други примања на вработените[6] и Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, донесена од страна на Владата на РСМ[7], што не е во согласност со член 6 и член 14 од Правилникот, каде е регулирано дека вредноста на бодот се утврдува со одлука на основачот на предлог на директорот на јавното

[4] Одлука за усвојување на процедура за примена на сметководствени политики бр.02-270/7 од 15.10.2021 година.
[5] „Службен весник на РМ“ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19)
[6] бр.02-100/6 од 10.06.2019 година
[7] бр.45-10997/1 од 28.12.2019 Службен весник на Република Северна Македонија бр.276/19

претпријатие и член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

- При пресметување на правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест, основица за пресметување на надоместокот на плата не претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот, што не е во согласност со член 16 од Законот за здравствено осигурување.
- Во услови кога вработените користат надоместокот на плата (боледување), за пресметка на делот на плата за работен стаж се земаат и часовите за времето поминато на боледување, што не е во согласност со член 5 и 19 од Правилникот за плата, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП „Куманово план" Куманово[8]. Ваквиот начин на постапување доведува до исплата на поголеми парични средства на годишно ниво, а со тоа и реализација на поголеми трошоци за плата.

Препорака:

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за:

- доставување предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници и давателите на услуги, секоја година, во законски предвидениот рок;
- воспоставување на целосна евиденција за присуство на работа на вработените, а пресметката на плата да се врши врз основа на документација која ја потврдува редовноста на вработените;
- при пресметување на правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест, основица за пресметување на надоместокот на плата да преставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот;
- пресметката на делот на плата за работен стаж кога вработениот користи боледување, да се пресметува согласно Правилникот.

[8] Правилник и измени на Правилникот за плата, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП „Куманово план" Куманово бр.02-100/6 од 10.06.2019 и бр.02-185/6 од 02.07.2021 година.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Советот на Општина Куманово во ноември 2019 година донел Одлуки за давање на трајно користење на движни ствари сопственост на Општина Куманово на ЈП “Куманово план” Куманово[9], за негово функционирање и тоа: компјутери печатари, клима уреди, мебел и возило. Средствата се примени со Записник за примопредавање на движни ствари[10] со сегашна вредност од 1.056 илјади денари, согласно евиденцијата на општината и истите се евидентирани во Билансот на состојба на позицијата премии на емитирани акции.

Имајќи во предвид дека е извршен пренос на средствата, добиени на трајно користење без надомест, претпријатието кое стопанисува со нив и ги одржува, треба да го примени приходниот пристап, односно за вредноста на овие средства потребно е да искаже зголемување на сметката за одложено признавање на приходи, при што согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ, во текот на годината ќе се искаже приход во висина на годишната пресметка на амортизацијата. Оваа пресметка ќе предизвика намалување на сметката за одложено признавање на приходите во период на корисниот век на употреба на средствата.

Несоодветниот сметководствен третман на државните поддршки кое ги има добиено претпријатието во вид на средства има влијание на реалната состојба на искажаните позиции во Билансот со состојба и влијае врз финансискиот резултат.

**Препорака**

Одговорното лице на ЈП „Куманово план“ Куманово да преземе активности, за добиената државна поддршка која се однесува на средства, да го користи приходниот пристап согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ.

3.3.2. Пописот на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2020 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, од следниве причини:

- ЈП нема донесено посебен акт со кој ќе го утврди начинот на вршење попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот што не е во согласност со член 5 од Правилникот;
- Не е извршен попис на средствата и обврските преку пренос на податоци за состојбата на средствата и обврските од надворешна (екстерна) документација со која се потврдува нивната фактичка состојба, како што

[9] Бр.09 - 7937/32 од 14.11.2019 година и бр.09 - 7937/33 од 14.11.2019 година
[10] Бр.0302-23/1 од 15.01.2020 година

се: изводи од банките за состојбата, писмени потврди за салдата на побарувањата и обврските доставени од страна на купувачите односно добавувачите, што не е во согласност со член 4 и 7 од Правилникот;

- Пописните листи од извршениот физички попис за материјалните средства со кои располага јавното претпријатие, содржат податоци само за видот, инвентарниот број на средството и локацијата, но не и вредносни показатели за истите како би можело да се утврдат евентуални разлики (кусок/вишок) меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства, предвидени со член 11 од Правилникот;
- Комисијата за попис има изготвено Записник, но не и извештај за извршениот попис кој треба да содржи: преглед на фактичката состојба на средствата и обврските и разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, забелешките и објаснувањата во врска со утврдените разлики, предлози за елиминирање на утврдените разлики (начинот на надоместување на кусоците и приходување на вишоците, отпис на застарените побарувања, приходување на застарените обврски) и други забелешки и предлози предвидени со член 12 од Правилникот.

Утврдените состојби на нецелосен и неправилно спроведен попис на средствата и обврските и не усогласување на сметководствената со фактичката состојба, не даваат уверување за реалноста и објективноста на искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2020 година.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат активности и мерки за донесување на интерен акт за вршење на попис, а пописната комисија да направи целосен попис на средствата и обврските и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените точки 3.2 и 3.3 кои се основ за изразување мислење, а се однесуваат на:

- неутврдени сметководствени политики, неподготвен извештај за промените во главнината и извештај за паричните текови, како составен дел на финансиските извештаи за 2020 година;
- неправилности при пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие;
- несоодветен сметководствен третман на средствата добиени на трајно користење без надомест;
- нецелосно и неправилно спроведен попис на средствата и обврските.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП „Куманово план“ Куманово на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП „Куманово план“ Куманово, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Со ЈП „Куманово план” Куманово од денот на неговото основање раководи вршител на должност директор именуван со решение[11] од страна на градоначалникот. Општината нема преземено мерки и активности за објавување на конкурс за избор на директор и со решенија истото лице последователно на шест месеци го именува за вршител на должност директор. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од член 19-а од Законот за јавни претпријатија, со кои е уредено дека градоначалникот на општината, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Исто така, не е испочитувана обврската утврдена во член 24 од Законот за јавни претпријатија за склучување на договор помеѓу директорот и градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Именувањето на вршител на должност директор во континуитет од три години, без спроведен јавен оглас не обезбедува транспарентност и конкуренција за избор на лице за вршење на оваа функција и има влијание врз управувањето и раководењето со претпријатието. За надминување на ваквата состојба, градоначалникот на Општина Куманово треба да ги преземе потребните активности за спроведување на постапка за избор на директор со кој ќе склучи менаџерски договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

---
[11] Решение бр.08-8400/1 од 26.12.2018,08-4368/1 од 02.07.2019,08-6/1 од 02.01.2019 и 08-4250/1 од 02.07.2020 година.

5.2. Основна дејност на ЈП „Куманово план" Куманово, согласно Статутот и Одлуката за основање[12] е архитектонски дејности и инженерство и со нив поврзано техничко советување. Работењето на претпријатието е насочено само кон Општина Куманово, односно истото работи по дадени налози од страна на Сектор за урбанизам и Сектор за комунални работи. Во програмите за работа од тековна за наредна календарска година на секторите за урбанизам и за комунални работи при Општина Куманово е наведено дека изработката на проектната и планската документација ќе се врши само од страна на ЈП „Куманово план". Од таа причина претпријатието својата програма за работа ја прилагодува на општинските програми и ја поднесува до Советот на Општина Куманово. Општина Куманово како единствен корисник претставува и единствен налогодавач за изработка на проектна и планска документација.

Ревизијата истакнува дека од периодот на основање или од 2018 до 2020 година претпријатието покажува негативни финансиски резултати од своето работење, односно загуба, која во 2020 година ја надминува вредноста на основачкиот капитал. Искажаната загуба во финансиските извештаи по години е прикажана во следниот график.

во 000 денари




Негативниот финансиски резултат се должи на воспоставениот начин на работа помеѓу претпријатието и основачот. Имено, Општина Куманово ги плаќа доставените фактури од страна на ЈП Куманово План по целосно реализирање на предвидената програмска задача, за што е потребен подолг временски период, додека ЈП во својот финансиски план приходите и расходите ги планира врз основа на склучените договори.

Во периодот 2019 - 2020 процентот на реализирани договори со општината просечно е 46% или по години 32% во 2019 година и 55% во 2020 година.

[12] Одлука на Совет на Општина Куманово бр.09-2750/18 од 19.04.2018 година.

во 000 денари




За поефикасно функционирање, претпријатието треба да ја искористи можноста што е предвидена со член 24 од Законот за јавните набавки, односно да остварува приходи на пазарот, но не повеќе од 20% од дејностите на кои се однесува соработката со општината.

## 6. Останати прашања

6.1. Со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, се уредуваат правата и должностите на државните органи во однос на набавката, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост, што како долгорочни средства ги користат државните органи за извршување на работите и задачите во земјата и во странство, освен за стварите што ги користат дипломатско-конзуларните претставништва на РСМ, како и правните лица основани од државата во однос на користењето на недвижни и движни ствари, размената на недвижни и движни ствари, продажбата и давањето во закуп на движни ствари во државна сопственост. Законот ја уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Според одредбата од член 21 од Законот, недвижните ствари во сопственост на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, со одлука на Советот на општината, односно Советот на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје, може времено или трајно да се дадат на користење, со или без надоместок, на државни органи и на правни лица основани од државата.

Според наведената одредба произлегува дека законот се применува само во случај кога недвижните ствари сопственост на општината се даваат на времено

или трајно користење на државни органи или правни лица основани од државата, но не и на институции или правни лица основани од општината.

Во услови кога законското решение не нуди можност на општините да даваат на времено или трајно користење недвижни ствари на правни лица основани од општината, ЈП "Куманово-план" Куманово користи недвижен имот/деловен простор, кој припаѓа на Општина Куманово, без правен акт донесен од страна на Советот на општината со кои ќе се уредат меѓусебните права и должности, што може да има влијание врз неговото работење.

Во функција на надминување на наведената слабост, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на законското решение за начинот на давање на користење на недвижни ствари во општинска сопственост, што ќе ги опфати и правните лица основани од општината.

ЈП " Куманово план" Куманово

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жења | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на неповрзани друштва | 3.1 | 5.594 | 1.977 |
| Останати приходи | 3.2 | 10 | - |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **5.604** | **1.977** |
| Трошоци за суровини и други материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.3 | 168 | 148 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 218 | 155 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 6.025 | 4.738 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 201 | 69 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 1.007 | 1.099 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **7.619** | **6.209** |
| Финансиски расходи | 3.8 | 20 | - |
| **Загуба од редовно работење** | 3.9 | **(2.035)** | **(4.232)** |
| **Нето добивка/загуба** | 3.10 | **(2.035)** | **(4.232)** |

ЈП " Куманово план" Куманово

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични евиваленти | 4.1 | 82 | 130 |
| Побарувања од купувачи | | - | 1.714 |
| Побарувања од државни органи и институции | | - | 65 |
| **Вкупно тековни средства** | | **82** | **1.909** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2 | 1.396 | 1.571 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1.396** | **1.571** |
| **Вкупна актива** | | **1.478** | **3.480** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3 | 321 | 602 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.4 | 754 | 529 |
| Обврски спрема вработените | 4.5 | 28 | - |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.6 | 211 | 150 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **1.314** | **1.281** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.7 | 5.587 | 5.587 |
| Премии на емитирани акции | 4.8 | 1.056 | 1.056 |
| Пренесена загуба | 4.9 | (4.444) | (212) |
| Загуба од тековната година | 4.10 | (2.035) | (4.232) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **164** | **2.199** |
| **Вкупна пасива** | | **1.478** | **3.480** |

ЈП " Куманово план" Куманово

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Премии на емитирани акции | Пренесена загуба | Загуба за финансиска година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 јануари 2020** | 5.587 | 1.056 | (4.444) | | **2.199** |
| Загуба од тековна година | | | | (2.035) | (2.035) |
| **Состојба на ден 31. декември 2020** | **5.587** | **1.056** | **(4.444)** | **(2.035)** | **164** |

ЈП " Куманово план" Куманово

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---|
| | 2020/2019 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | (2.035) |
| Амортизација | 201 |
| Готовински текови од работење | (1.834) |
| Побарувања од купувачи | 1.714 |
| Побарувања од државни органи и институции | 65 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | (281) |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 225 |
| Обврски спрема вработените | 28 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 61 |
| Нето готовински текови од оперативно работење | (22) |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (26) |
| Нето готовински текови од инвестиционо работење | (26) |
| Нето зголемување на паричните средства | (48) |
| Парични средства на почеток од годината | 130 |
| Парични средства на крајот на годината | 82 |

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
,,Куманово План''-Куманово
Ndermarja publike per planet hapsinore dhe urbane
,,Kumanova Plan''-Kumanove

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
Ndërmarja publike për planet hapsinore dhe urbane
КУМАНОВО-ПЛАН-KUMANOVË-PLANI
Бр.Nr: 03-27/2
14.01 2022 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

До
Државен завод за ревизија
ул.Павел Шатев бр.2
Палата „Емануел Чучков"
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено / Pranuar më: | 20.01.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | 17-54/1 | | |

Предмет: Доставување на Одговор на нацрт извештај под број 13-185/17

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Одговор со комплет документација на Ваш нацрт извештај под број 13-185/17 од 2021 година.

Со Почит,

ЈП„Куманово-план"
ВД Директор
Иван Николовски

Ул Гоце Делчев бр.34(Стар Мерак) Куманово,1300
Република Северна Македонија
Тел.. +389 31 438 617\ E-mail: contact@kumanovoplan.gov.mk

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
Ndërmarja publike për planet hapsinore dhe urbane
КУМАНОВО-ПЛАН-KUMANOVË-PLANI
Бр.Nr. 03-27/1
14.01 2022 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

До

Државен завод за ревизија

Ул.Павел Шатев бр.2

Палата Емануел Чучков

1000 Скопје

Предмет: **Одговор на Нацрт извештај заведен под број 13-185/17, примен од страна на ЈП Куманово План на 17.12.2021 година.**

Почитувани,

Во врска со Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови Куманово План Куманово ги даваме нашите забелешки во однос на дадените препораки.

Во врска со приложеното резиме од нацрт извештајот сметаме дека ЈП Куманово План Куманово, при своето работење ги има испочитувано сите важечки закони и не гледаме причина зошто претпријатието да добие неповолно мислење во извештајот.

При спроведувањето на процесот на ревизија, ЈП Куманово План навремено и експедитивно ја достави целата потребна документација до ревизорскиот тим, со дополнително образложување за оправданоста од донесување на одредени акти.

ЈП Куманово План Куманово и по укажувањето од страна на ревизорскиот тим во најскоро време ги донесе и истите беа усвоени од страна на Управниот одбор сите потребни акти за кои ревизорскиот тим сметаше дека се од нужна важност за нормално функционирање на претпријатието. Тие акти беа изготвени и усвоени од страна на Управниот одбор на ЈП Куманово План пред доставување на нацрт извештајот.

Согласно важечките прописи постапката за спроведување и избор на директор не е во надлежност на ЈП Куманово План Куманово, па така ова не треба да биде ставено како пропуст на самото јавно претпријатие и како плус една точка недостаток.

Во однос на реализирањето на договорите за 2019 и 2020 година, во ревизорскиот извештај е важно да се потенцира дека во програмите на секторите од Општина Куманово кои воедно се и нарачатели на проектната и планската документација јасно стои дека изработувач ќе биде ЈП Куманово План. ЈП Куманово План Куманово како договорна страна има обврска да го исполни нарачаното од оштината според програмските задачи а од друга страна се јавува Општината како нарачател. Па од таа причина не треба ЈП Куманово План Куманово да се јавува како виновник за нереализираност на програмските предвидени задачи.

ЈП Куманово План Куманово поради својата специфична дејност претставувам единствено јавно претпријатие во Република Северна Македонија од ваков тип. ЈП Куманово План според дејноста за кое е регистрирано во централниот регистар се издвојува од останатите категории на јавни

претпријатија и во никој случај не треба и не смее да се изедначува со комуналните претпријатија. Од таа причина ЈП Куманово План е сервис на Општина Куманово бидејќи до сега исклучиво работи само по програмските задачи на општината.

**3.1 Внатрешни контроли**

**Согласно дадената препорака превземени се следните дејствија во текот на вршење на ревизија од страна на Државен завод за ревизија :**

- Со носење на Процедура за безготовинско плаќање 02-270/9 од 15.10.2021 , како и Правилник за внатрешни процедури за канцелариско работење, архивско работење како и електронско канцелариско и архивско работење 02-270/14 од 15.10.2021 година назначени се лица кои ќе вршат проверка на комплетноста и точноста на податоците со влезните и излезните документи и следење на реализација на склучените договори со економските оператори по спроведени постапки на јавни набавки. Овие наведени акти се изготвени во текот на спроведување на ревизискиот процес и беа дадени како усмена насока со цел ЈП Куманово План да не добие негативен ревизорски извештај. Насоките се дадени од причина што додека да биде изготвен финалниот извештај претпријатието веќе да ги има донесено и усвоено од страна на Управниот одбор.
- Правниот акт за користење на службени возила ќе биде дополнително донесен. Инаку Општина Куманово има дадено на ЈП Куманово План на користење само едно моторно возило. И покрај тоа што иако возилото не е во сопственост на ЈП Куманово План Куманово, ЈП Куманово План Куманово домаќински се грижи за негово тековно одржување како и за неговото регистрирање на технички преглед.
-

**3.2 Усогласеност со законски прописи**

**Во однос на дадената препорака на точка 3.2.1 превземени се следни дејствија:**

- Донесени се сметководствени политики 02-270/7 од 15.10.2021 година и изготвени се финансиските извештаи за промени во главнина и извештај за парични текови. Овие сметководствени политики се изготвени во текот на спроведување на ревизискиот процес и беа дадени како усмена насока со цел ЈП Куманово План да не добие негативен ревизорски извештај. Насоките се дадени од причина што додека да биде изготвен финалниот извештај претпријатието веќе да ги има донесено тие акти.
- Објава на квартални извештаи и завршна сметка на веб страна на ЈП Куманово План ќе се реализира за идните извештаи по ваша препорака.

**Во однос на дадената препорака на точка 3.2.2 превземени се следни дејствија:**

**Документација поврзана со пресметка и исплата на плата**

- Утврдување на вредност на бод од Управен Одбор и Совет На Општина Куманово за сите категории на вработени ќе се реализира на почеток на 2022 година. ЈП Куманово План има донесено и усвоено Правилник за исплата на плати на сите вработени. Секоја календарска

година во јануари претпријатието изготвува решенија за плати врз основа на вредноста на бодот кој го утврдува Владата секоја година. И тие решенија и Правилникот за исплата на плати на сите вработени се доставени до ревизорскиот тим во 2021 година и истите се запознаени.

- Пресметка на плата се врши врз основа на документација која ја потврдува редовноста на вработените.
- Корегиран е начинот на пресметка на плата во услови кога вработен е на боледување, основица за пресметка на надоместок на плата претставува просечен месечен износ на плата на која е платен придонес за задолжително здравствено осигурување во последни дванаесет месеци, програмот кој се користи за пресметка на плата за идни боледувања е прилагоден согласно вашите препораки и ќе се применува воведената промена за сите идни боледувања.
- Корегиран е делот од плата за работен стаж кога вработениот користи боледување и нема да се врши пресметка на минат труд за период додека вработениот е на боледување.
-

**3.3 Финансиски извештаи**

**3.3.1** Превземени се активности во однос на примена на приходниот пристап согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ, која се однесува за добиената државна подршка која се однесува на средства.

**3.3.2 Попис**

Пописни листи на средства и обврски со 31.12.2020 година се извршени на сите основни средства кои се евидентирани во билансот на ЈП Куманово План Куманово, во пописот не се опфатени состојба на жиро сметка и побарувања и обврски на ЈП Куманово План Куманово. Истите ќе се вклучуваат во идни пописи кои ќе се вршат во ЈП Куманово План Куманово.

Ќе се изготви и Процедура за вшење на Попис согласно која ќе се реализираат пописите во иднинда, со обврска за иготвување на Извештај кој ќе ги содрши фактичката и сметководствената состојба , забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики предлози за елиминирање на утврдени разлики, отпис на застарени побарувања.

Важно е да се напомене дека ЈП Куманово План согласно Законот за трговски друштва не отсуствува и не избегнува од вршење на попис. Јавното претпријатие секоја година има правено попис во регуларно време и истиот се наоѓа во претпријатието. Листите со попис се доставени до ревизорскиот тим. Иако можеби отсуствува формално правниот акт како процедура за спроведување на попис сепак ЈП Куманово План ќе настојува да го изготви во најскоро време.

**3.4 Користење на средства согласно законски прописи**

**Јавни набавки**

Наведените јавни набавки во точка 3.4.1. реализирани во текот на 2020 година во износ од 107.000 денари не се во цел износ дел од јавната набавка за ажурирани геодетски подлоги , дел

од овој износ е наменет за изработка на елаборати за нумерички податоци изработени од истиот правен субјект.

Изработени елаборати со ажурирани геодетски подлогиво период 01.01-31.12.2020 г. се следните:

| број | дата | Примени фактури | Ха | Цена | Износ без ДДВ | ДДВ | Износ на фактура со ДДВ | дата на плаќање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 70 | 21.9.2020 | Панче Пешев | 6 | 2.944 | 17.664 | 3.180 | 20.844 | 13.10.2020 |
| 80 | 22.10.2020 | Гоце Делчев и Доне Божинов | 7 | 2.944 | 20.608 | 3.709 | 24.317 | 24.11.2020 |
| 84 | 26.10.2020 | Анѓа Ранковиќ | 1 | 2.944 | 2.944 | 530 | 3.474 | 30.12.2020 |
| 102 | 17.12.2020 | ул.Тоде Мендол , Браќа Филиповиќ , Вук Караџиќ и Страшко Симонов | 2,35 | 2.944 | 6.918 | 1.245 | 8.164 | 30.12.2020 |

**ВКУПНО 48.134** **56.799**

Изработени елаборати за нумерички податоци се следните :

| Бр. | дата | Примени фактури | Ха | Цена | Износ без ДДВ | ДДВ | Износ на фактура со ДДВ | дата на плаќање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 72 | 02.10.2020 | Улици Гладно Поле ул.717 и 725 | 1 | 31.250 | 31.250 | 5.625 | 36.875 | 24.11.2020 |
| 100 | 22.10.2020 | Улици Гладно Поле ул.715 | 1 | 10.450 | 10.450 | 1.881 | 12.331 | 05.3.2021 |
| 101 | 26.10.2020 | Улици Гладно Поле ул.716 и 719 | 1 | 16.950 | 16.950 | 3.051 | 20.001 | 05.3.2021 |

**ВКУПНО 58.650** **69.207**

Нарачките за изработка на елаборати за ажурирани геодетски подлоги се реализирани за 2020 година во износ од 48.134,00 денари без ДДВ, додека нарачки за елаборати за нумерички податоци се реализирани за 2020 година во износ од 58.650,00 денари без ДДВ.

Вкупно се вкалкулирани како трошок за правното лице ГЕО ТИМ ДОО Куманово 106.784,00 денари за изработка на елаборати, но во самиот опис на услугата во фактурите е наведена услугата за која се изработени наведените нарачки.

Наведената јавна набавка од мала вредност која се однесува на изработка на дигитализирани ажурирани геодетски подлоги и наведениот договор за истата со вредност од 600 000 денари се реализира делумно, односно нарачани се и реализирани 4 елаборати за ажурирани геодетски подлоги во вкупна вредност од 48.134,00 денари без ДДВ.

Геодетските елаборати за реализација на урбанистички план (нумерички податоци) кои се нарачани од истиот правен субјект не се однесуваат на гореспоменатиот договор од 600 000

денари. Нарачани се и реализирани 3 елаборати за нумерички податоци со вкупна вредност од 58.650,00 без ДДВ согласно набавка до 60.000,00 денари без спроведување на постапка.

Во меѓувреме правниот субјект ГЕОТИМ ДООЕЛ Куманово, престана да постои поради што дојде до невозможност за исполнување на договорот за јавна набавка. Па од таа причина поведена е нова постапка и избран е нов правен субјект кој ќе изработува ажурираните геодетски подлоги.

**4. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Во однос на искажаното мислење за финансиски извештаи поради изнесеното поврзано со точка 3.3 сметаме дека доставените извештаи од страна на ЈП Куманово План Куманово во целост и без резерва го искажуваат вистинито и објективно работењето на јавното претпријатие.

**Мислење за усогласеност за усогласеност со закони и прописи**

Сите доставени извештаи од страна ЈП Куманово План Куманово од точка 3.4 се во согласност со законска регулатива.

**5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

Во однос на точка 5.1 именување на директор на јавно претписјатие се врши од повисока инстанца, не е во надлежност на јавното претпријатие да го регулира тој процес. Во овој дел сметаме дека укажувањето не треба да биде насочено кон ЈП Куманово План Куманово.

**5.2 Финансиски резултат**

Точката го прикажува финансискиот резултат за период 2018-2020 година, искажаниот финансиски резултат за овој период е негативен, со најголема загуба искажана за 2019 година.

За целиот период додека тимот на Државен завод за ревизија беше присутен во ЈП Куманово План Куманово, им беше укажувано на тоа дека дејноста за која е основано и регистрирано ЈП Куманово План Куманово е врзано со обезбедување на Лиценци од надлежни министерства без кои не смее реализира приходи. Самиот процес на добивање на лиценца за проектирање, бара време и задоволување на многу услови. Сите процеси за обезбедување на потребни лиценци за вршење на регистрирана дејност се завршени во текот на 2019 година , приходи се реализирани во последниот квартал од 2019 година, остварена загуба за 2019 година изнесува 4.232.575,00 денари. Во 2020 година ЈП Куманово план Куманово остварило загуба 2.035.142,00 денари, додека за 2021 година се очекува да реализира добивка од работењето. Од тригодишниот временски период 2019-2021 година се гледа трендот на остварениот резултат, се очекува да продолжи со истиот нагорен тренд за во иднина.

Што се однесува до реализицијата на потпишаните договори со Општина Куманово сметаме дека искажаниот процент на вкупно реализирани договори не го искажува реално функционирањето

на ЈП Куманово План куманово од причина што се земени во предвид сите склучени договори: Договори со сектор за комунални работи и со Договори со сектор за урбанизам.

Јавното претпријатие Куманово План Куманово за секоја година потпишува Договор за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2021 година со сектор за комунални работи и потпишува поединечни договори за изработка на детални урбанистички планови со Сектор за урбанизам на Општина Куманово.

Сите потпишани договори се предадени на тимот од државен завод за ревизија, освен за тековна 2021 година.

За 2019 година со Сектор за комунални работи на општина Куманово е потпишан договор во вредност од 1.694.915,00 денари без ДДВ од кои е извршена реализација на приход во износ од 1.429.149.00 денари без ДДВ, реализација од 84,32%.

За 2019 Година со Сектор за урбанизам склучени се доовори во вредност од 2.271.790,00 денари без ДДВ и склучен Договор за изработка на Генерален урбанистички план во вредност од 2.263.200,00 денари, вкупно активни договори со Сектор за урбанизам 4.534.990,00 денари , реализирани се приходи во износ од 548.164,00 денари , реализација 12,09%.

Периодот 01.01-31.12.2019 година ЈП Куманово План Куманово има склучено вкупно договори во вредност од 6.229.905,00 денари без ДДВ , а реализирано приход во износ од 1.977.313,00 денари реализирани договори 32%.

За 2020 година со Сектор за комунални работи на општина Куманово е потпишан договор во вредност од 3.388.161,00 денари без ДДВ од кои е извршена реализација на приход во износ од 2.904.338.00 денари со ДДВ, реализација од 85,72%.

За 2020 година со Сектор за урбанизам на Општина Куманово склучени се договори во вредност од 1.660.760,00 денари без ДДВ и превземени договори од 2019 година 1.723.626,00 денари, направен е Анекс на Договорот за генерален урбанистички план и истиот договор е поголем за 1.107.360,00 денари вкупно активни договори за 2020 година се 4.491.746,00 денари, а реализација на приходи по тој основ изнесува 1.558.132,00 денари без ДДВ, односно 34,69%.

Периодот 01.01.2020-31.12.2020 година вкупно активни договори 7.872.907,00 денари, реализација 5.594.070,00 денари, односно 71,05%

За 2021 година со Сектор за комунални работи на Општина Куманово е потпишан договор во вредност од 7.000.000,00 денари со ДДВ од кои е извршена реализација на приход во износ од 6.977.444.00 денари со ДДВ, реализација од 99,68%.

Договорите кои се склучуваат со Сектор за урбанизам на Општина Куманово за изработка на детални урбанистички планови и за генерален урбанистички план, за да се реализираат потребен е временски период подолг од една година и поради тоа бараме да се изврши корекција на прикажаниот графикон за реализација на ЈП Куманово План Куманово, прикажувањето да биде според групата на приходи, разделување на приходи од сектор за комунални работи и сектор за урбанизам.

**6.Останати прашања**

Законот за користење и располагање со стварите во државна сосптвеност и со стварите во општинска сопственост има неколку недоречености и лимитирања. Што се однесува до предавањето на стварите на времено или трајно користење од страна на општините не е дефинирано дали може со одлука од Советот на општината да се предадат на користење на претпријатија или установи основани од општината. Измената на законот е уставна категорија и ЈП Куманово План Куманово, неможе да се јави како иницијатор.

Куманово 14.01.2022 година

ЈП Куманово План Куманово

ВД Директор

Иван Николовски

Одговор
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 20.01.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈП „Куманово план“ Куманово, бр. 13-185/6 од 15.12.2021 година, од одговорното лице Иван Николовски, в.д. директор на ЈП „Куманово план“ Куманово, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-54/1 од 20.01.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.1.1.** која се однесува на слабости во системот на внатрешни контроли, **претставува известување** за преземени активности во текот на ревизијата и активности кои ќе бидат преземени во иднина за наминување на состојбите. Во забелешката е наведено дека по укажување на ревизијата, донесена е Процедура за безготовинско плаќање и Правилник за внатрешни процедури за канцелариско работење, архивско работење како и електронско канцелариско и архивско работење, кои се соодветно обелоденети во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, а процедурата за користење на службени возила ќе биде дополнително донесена.

2. Забелешката на констатираните состојби **во точката 3.2.1.** кои се однесуваат на одредени слабости во однос на обврската на јавното претпријатие за водење на сметководство, составување на годишна сметка и финансиски извештаи и нивната транспарентност во известувањето, **претставува известување** за преземени активности во текот на ревизијата и активности кои ќе бидат преземени во иднина за наминување на состојбите. Во забелешката е наведено дека по укажување на ревизијата, донесени се сметководствени политики, а објавувањето на кварталните извештаи и завршната сметка на веб страната на јавното претпријатие ќе се реализира за идните извештаи.

3. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.2.** која се однесува на пресметката и исплатата на плата на вработените во јавното претпријатие **претставува известување** за активности кои се преземени и кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во забелешката е наведено дека утврдувањето на вредноста на бодот од УО и Совет на Општина Куманово за сите категории на вработени ќе се реализира на почетокот на 2022 година, а пресметката на плата ќе се врши врз основа на

документација која ја потврдува редовноста на вработените. Не се доставени докази дека е извршена корекција за начинот на пресметка на плата во услови кога вработениот користи боледување, а кои би придонеле за дополнување на изнесеното во наодот.

4. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.3.1.** која се однесува на примена на несоодветен сметководствен пристап за добиената државна поддршка во средства, **претставува известување** за преземени активности по завршување на ревизијата, без доставени докази кои би придонеле за промена/дополнување на изнесеното во наодот, односно доказ дека е применет приходниот пристап за добиена државна поддршка во средства.

5. Забелешката за констатираната состојба **во точката 3.3.2.** која се однесува на нецелосен и неправилно спроведен попис на средствата и обврските и не усогласување на сметководствената со фактичката состојба, **претставува известување** за активностите што ќе бидат преземени во иднина за надминување на состојбите и воедно претставува потврда на констатираните состојби од страна на ревизијата. Во забелешката се наведува дека не е спроведен попис на средствата на жиро сметката, побарувањата и обврските на ЈП „Куманово план" Куманово, не е извршено усогласување на сметководствената и фактичката состојба на пописаните средства и не е изготвен Извештај за извршениот попис, а се планира изработка на процедура за вршење на попис.

6. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.4.1.,** која се однесува на спроведената постапка за јавна набавка од мала вредност за услуги кои се однесуваат на изработка на дигитализирани ажурирани геодетски подлоги, **се прифаќа,** поради доставени дополнителни докази, односно геодетските елаборати за реализација на урбанистички план (нумерички податоци) не се однесуваат на договорот за изработка на дигитализирани ажурирани геодетски подлоги за потребите на ЈП „ Куманово план" Куманово.

7. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4,** во Нацрт извештајот, која се однесува на искажаното ревизорско мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ЈП „Куманово план" Куманово за 2020 година, како и за усогласеност со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики, **не се прифаќа,** од причина што даденото мислење е резултат на извршените ревизорски постапки и прибавените ревизорски докази, согласно Законот за државната ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија, донесени од Државниот завод за ревизија.

8. Забелешката на констатираната состојба **во точката 5.1.,** во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, а која се однесува на именувањето на вршител на должност од страна на основачот, **не се прифаќа,** од причина што, согласно Законот за државната ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот нагласува прашања чиј исход зависи од идни дејствија/настани и кои може да влијаат на финансиските извештаи или настани кои не се под директна контрола на субјектот, но може да влијаат на финансиските извештаи. Нагласувањето на некое прашање на неизвесност не влијае на ревизорското мислење.

9. Забелешката на констатираната состојба **во точката 5.2.** , во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, а која се однесува на негативниот финансиски резултат на јавното претпријатие, **не се прифаќа,** од причина што, согласно Законот за државната ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот нагласува прашања чиј исход зависи од идни дејствија/настани и кои може да влијаат на финансиските извештаи или настани кои не се под директна контрола на субјектот, но може да влијаат на финансиските извештаи. Нагласувањето на некое прашање на неизвесност не влијае на ревизорското мислење.

10. Забелешката на констатираната состојба **во точката 6.1.**, во делот Останати прашања, а која се однесува на системска слабост во Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост за неможноста на општините да даваат на времено или трајно користење недвижни ствари на правни лица основани од општината **не се прифаќа,** од причина што согласно Законот за државната ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот дава насоки за соодветно дополнување на законското решение и истото не влијае на ревизорското мислење.